Женска граѓанска иницијатива
Iniciativa qytetare e femrave
Women's Civic Initiative

**Соопштение до јавноста**

16 ДЕНА АКТИВИЗАМ ПРОТИВ РОДОВОТО И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

**ЖГИ АНТИКО и студентите од Институтот за родови студии обедините во борбата против родовото и семејното насилство**

01.12.2014

Во рамките на меѓународната кампања „16 дена активизам против родовото и семејното насилство“, женската граѓанска иницијатива АНТИКО во соработка со студентите на Институтот за родови студии, во периодот од 1ви до 5ти декември, ќе реализираат низа на работилници и дебати со млади луѓе под мотото: „СТОП за родовото и семејното насилство!“.

Целта на овие работилници е фокусирана на подигнување на свеста кај младите луѓе за деструктивноста која родовото и семејното насилство ја предизвикува врз жртвите и нивните семејства и врз општеството генерално, препознавање на корените на насилствата кои се длабоко всадени во половата нееднаквост како и запознавање со механизмите за заштита и превенција од овој вид на насилство. Темите кои ќе бидат обработени особен акцент ќе стават и на прашањето што е тоа што младите можат да го превземат во однос на превенцијата и заштитат од родовото и семејното насилство и на кој начин младинскиот активизам може да придонесе кон изградба на заедница во која е искоренето овој вид на насилство. Работилниците ќе бидат реализирани од страна на фасилитатори од ЖГИ АНТИКО и студентите од Институтот за родови студии. Со работилниците ќе бидат опфатени повеќе од 150 учесници, студенти/ки од факултетите во Скопје и ученици/ки од 5 средни и основни училишта, на возраст од 13 до 25 години. Со цел пренесување на пораката и до пошироката јавност, ќе бидат поделени и информативни и едукативни материјали на повеќе локации во Скопје и Македонија.

Овие работилници се дел од активностите кои ЖГИ АНТИКО, во рамките на меѓународната кампања „16 дена активизам против родовото и семејното насилство“, ги спроведува секоја година на територијата на целата држава. Со овие работилници се придонесува кон една од цели на АНТИКО а тоа е сензибилизирање на младите за активно учество во заложбите за елиминрање на родовото и семејното насилство преку формирање на позитивни ставови за постигнувањето на родовата рамноправност и елиминирање на родовите предрасуди, стреотипи и насилство.

Контакт за дополнителни информации:
Женска граѓанска иницијатива Антико
Тел. 02/ 2 614 641
e-mail: antico@t-home.mk